Република Северна Македонија
**Министерство за транспорт**
Сектор за уредување на просторот

15. Декември, 2025

Архивски број : 67-1215/55

ДО:
СУБЈЕКТ (НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА)

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10 MW ) ВО ОПШТИНА ШТИП, ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА КАРБИНЦИ

Почитувани,

Во врска со член 49-а од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Ве известуваме за одржување на ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕТЕРЕН ПАРК (ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10 MW) ВО ОПШТИНА ШТИП, ОПШТИНА РАДОВИШ И ОПШТИНА КАРБИНЦИ.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење ќе биде изложен на увид и проверка на широката јавност во просториите на Министерството за транспорт, а исто така урбанистичкиот план е достапен и во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на Министерството и општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци.

Јавната презентација ќе трае од 16.12.2025 година до 22.12.2025 година.


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Соопштението за организирање на јавната презентација е објавено во информацискиот систем е-урбанизам и на веб станите на Министерството и општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со урбанистичкиот план можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, на е-адресата info@mtc.gov.mk или во писмена форма за време на стручно презентирање на планското решение кое ќе се одржи на ден 18.12.2025 година (четврток) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт на четврти кат во сала за состаноци.

Со почит,

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа
Одобрил: Весна Андриеска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk